Health
Illawarra Shoalhaven
Local Health District

# Clostridium difficile

## Што се *Clostridium difficile?*

- *Clostridium difficile* (C. diff) се бактерии кои живеат во цревната флора без да предизвикаат било какво оштетување
- Понекогаш тие може да предизвикаат течна столица ако сте примале антибиотици.

## Кога сте во болница...

- Персоналот ќе ги мие рацете пред да ве допира и после тоа.
- Тие ќе носат престилки и ракавици.
- Ако имаат на располагање еднокреветна соба, може да ве преместат во неа.
- Ќе ве замолиме да ги миете рацете со сапун и вода после одење во клозет и пред да излезете од вашата соба и откако ќе се вратите во неа.
- Можете да продолжете да примате посетители и да имате контакт со нив колку што сакате, на пример, да ги прегрнувате и бакнувате вашите деца.
- •Ве молиме, користете посебен клозет кој нема да го користат други луѓе.
- •После два до три дена откако ќе престанете да имате течна столица, престанете да ги применувате овие посебни мерки на претпазливост.

## Кога сте дома...

- Нема потреба да правите нешто посебно или различно.
- Можете да користите предмети за заедничка употреба, на пример, чинии, шолји, чаршафи и крпи за бришење, како што тоа го правите вообичаено.
- Можете да продолжите да ги посетувате или да ве посетуваат пријателите и семејството.
- Слободно можете да одите каде што сакате.

## Кого треба да го известам?

- Вашиот доктор
- Болницата, кога ќе ве примат, ако имате течна столица.
- Медицинската сестра од заедницата, ако имате течна столица.

## Где могу да добијем детаљније информације?

**Infection Management and Control Service (Служба за лекување и контролирање на инфекции)**

**Joanna Harris**

**Телефон:** 4222 5898

**Електронска пошта:** imacs@sesiahs.health.nsw.gov.au

**Infection Prevention & Control (Спречување и контролирање на инфекции)**

**Clinical Nurse Consultant (Клиничка медицинска сестра-консултант))**

**Име:**

**Телефон:**

Developed by ISLHD IMACS June 2012

MACEDONIAN